| 421220 | Дрва | 728.700 | 0 | 0 | 750.000 | 0 | 0 | 750.000 |
| 421240 | Течни горива | 9.207.819 | 2.000.000 | 0 | 6.266.500 | 0 | 0 | 8.266.500 |
| 421310 | Пошта | 45.000 | 0 | 0 | 43.000 | 0 | 0 | 43.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 530.000 | 0 | 15.000 | 515.000 | 0 | 0 | 530.000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 230.300 | 100.000 | 10.000 | 93.000 | 0 | 0 | 203.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **14.390.900** | **1.115.000** | **11.680.000** | **1.413.000** | **116.000** | **0** | **14.324.000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 356.000 | 65.000 | 35.000 | 225.000 | 45.000 | 0 | 370.000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на враб( | 106.000 | 0 | 25.000 | 70.000 | 0 | 0 | 95.000 |
| 423210 | Материјали за АОП | 200.000 | 0 | 0 | 120.000 | 0 | 0 | 120.000 |
| 423310 | Униформи | 96.000 | 0 | 0 | 62.000 | 0 | 0 | 62.000 |
| 423320 | Обувки | 42.000 | 0 | 0 | 33.000 | 0 | 0 | 33.000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 11.860.000 | 650.000 | 11.340.000 | 38.000 | 40.000 | 0 | 12.068.000 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 697.400 | 180.000 | 140.000 | 160.000 | 0 | 0 | 480.000 |
| 423620 | Училишни материјали | 175.000 | 60.000 | 40.000 | 105.000 | 0 | 0 | 205.000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 328.000 | 0 | 30.000 | 335.000 | 0 | 0 | 365.000 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 140.000 | 0 | 5.000 | 90.000 | 0 | 0 | 95.000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 110.000 | 0 | 10.000 | 90.000 | 0 | 0 | 100.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **530.995.166** | **434.917.800** | **34.475.000** | **179.576.000** | **11.860.000** | **33.000.000** | **693.828.800** |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 5.000 | 60.000 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 65.000 |
| 423990 | Други материјали | 275.500 | 100.000 | 50.000 | 85.000 | 31.000 | 0 | 266.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **2.493.000** | **1.500.000** | **415.000** | **727.000** | **0** | **0** | **2.642.000** |
| 424210 | Одржување на згради | 1.820.000 | 1.500.000 | 330.000 | 290.000 | 0 | 0 | 2.120.000 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 67.000 | 0 | 0 | 62.000 | 0 | 0 | 62.000 |
| 424410 | Поправки и одржување на мебел | 48.000 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 250.000 | 0 | 0 | 225.000 | 0 | 0 | 225.000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 270.000 | 0 | 75.000 | 110.000 | 0 | 0 | 185.000 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 38.000 | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **3.435.400** | **770.000** | **415.000** | **2.137.000** | **578.510** | **0** | **3.900.510** |
| 425140 | Изнајмување на канцелариска опрема | 35.000 | 0 | 0 | 35.000 | 0 | 0 | 35.000 |
| 425220 | Банкарска провизија | 5.000 | 0 | 0 | 15.000 | 40.000 | 0 | 55.000 |
| 425240 | Осигурување за повреда и инвалидитет | 90.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 206.500 | 0 | 0 | 183.000 | 0 | 0 | 183.000 |
| 425310 | Правни услуги | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425490 | Други здравстевени услуги | 311.500 | 0 | 0 | 389.000 | 0 | 0 | 389.000 |
| 425740 | Дополнителни активности | 40.000 | 0 | 10.000 | 25.000 | 0 | 0 | 35.000 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 960.000 | 250.000 | 65.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 1.515.000 |
| 425790 | Други образовни услуги | 880.000 | 0 | 145.000 | 70.000 | 0 | 0 | 215.000 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 469.000 | 220.000 | 15.000 | 80.000 | 80.000 | 0 | 395.000 |
| 425970 | Консултантски услуги | 130.000 | 0 | 20.000 | 65.000 | 0 | 0 | 85.000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 298.400 | 300.000 | 60.000 | 65.000 | 458.510 | 0 | 883.510 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **853.800** | **66.000** | **50.000** | **400.000** | **350.000** | **0** | **866.000** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 426310 | Семинари и конференции | 180.000 | 50.000 | 0 | 105.000 | 0 | 0 | 155.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | 165.000 | 0 | 0 | 145.000 | 0 | 0 | 145.000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 508.800 | 16.000 | 50.000 | 150.000 | 250.000 | 0 | 466.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.933.200** | **340.000** | **0** | **0** | **2.070.090** | **0** | 2.410.090 |
| **463** | **Трансфери до невладини организации** | **669.600** | **130.000** | **0** | **0** | **498.150** | **0** | **628.150** |
| 463190 | Останати трансфери до невладини организации | 669.600 | 130.000 | 0 | 0 | 498.150 | 0 | 628.150 |
| **464** | **Разни трансфери** | **2.263.600** | **210.000** | **0** | **0** | **1.571.940** | **0** | **1.781.940** |
| 464990 | Други трансфери | 2.263.600 | 210.000 | 0 | 0 | 1.571.940 | 0 | 1.781.940 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **4.955.000** | **9.000.000** | **440.000** | **273.000** | **0** | **0** | 9.713.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 530.995.166 | 434.917.800 | 34.475.000 | 179.576.000 | 11.860.000 | 33.000.000 | 693.828.800 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **550.000** | **0** | **410.000** | **133.000** | **0** | **0** | **543.000** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 440.000 | 0 | 330.000 | 120.000 | 0 | 0 | 450.000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 110.000 | 0 | 80.000 | 13.000 | 0 | 0 | 93.000 |
| **481** | **Градежни објекти** | **4.250.000** | **9.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.000.000** |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 4.250.000 | 9.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.000.000 |
| **483** | **Купување на мебел** | **145.000** | **0** | **30.000** | **140.000** | **0** | **0** | **170.000** |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 55.000 | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 90.000 | 0 | 30.000 | 90.000 | 0 | 0 | 120.000 |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 485230 | Компјутерстки софтвер | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Q00 | ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 480.000 | 290.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 290.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **480.000** | **290.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 290.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **250.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** |
| 423310 | Униформи | 100.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 423320 | Обувки | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 100.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **220.000** | **120.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **120.000** |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 220.000 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **10.000** | **20.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.000** |
| 425730 | Инструктори на кратки курсеви | 10.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| R10 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 1.197.000 | 2.850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.850.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.000.000** | **1.050.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 1.050.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **850.000** | **900.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **900.000** |
| 425630 | Испитување на кавалитетот на водите и воздухот | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 300.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 |
| 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) | 300.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 425970 | Консултантски услуги | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** |
| 426310 | Семинари и конференции | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **197.000** | **1.800.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 1.800.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **197.000** | **1.800.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.800.000** |
| 464990 | Други трансфери | 197.000 | 1.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.800.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **530.995.166** | **434.917.800** | **34.475.000** | **179.576.000** | **11.860.000** | **33.000.000** | **693.828.800** |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 64.732.347 | 9.600.000 | 21.450.000 | 41.576.000 | 0 | 0 | 72.626.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **35.059.300** | **0** | **530.300** | **36.529.000** | **0** | **0** | 37.059.300 |
| **401** | **Основни плати** | **25.551.000** | **0** | **385.000** | **26.518.000** | **0** | **0** | **26.903.000** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 24.129.200 | 0 | 364.200 | 24.995.000 | 0 | 0 | 25.359.200 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 1.421.800 | 0 | 20.800 | 1.523.000 | 0 | 0 | 1.543.800 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **9.508.300** | **0** | **145.300** | **10.011.000** | **0** | **0** | **10.156.300** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 6.326.000 | 0 | 97.000 | 6.647.000 | 0 | 0 | 6.744.000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 2.575.200 | 0 | 39.200 | 2.686.000 | 0 | 0 | 2.725.200 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 179.700 | 0 | 2.700 | 197.000 | 0 | 0 | 199.700 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 427.400 | 0 | 6.400 | 481.000 | 0 | 0 | 487.400 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **24.267.347** | **2.600.000** | **17.119.700** | **5.047.000** | **0** | **0** | 24.766.700 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **30.000** | **0** | **30.000** | **0** | **0** | **0** | **30.000** |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **7.237.347** | **500.000** | **1.195.000** | **4.697.000** | **0** | **0** | **6.392.000** |
| 421110 | Електрична енергија | 1.800.000 | 0 | 700.000 | 1.100.000 | 0 | 0 | 1.800.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 450.000 | 0 | 0 | 376.000 | 0 | 0 | 376.000 |
| 421130 | Ѓубретарина | 460.000 | 0 | 0 | 460.000 | 0 | 0 | 460.000 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 130.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 421240 | Течни горива | 3.722.347 | 500.000 | 0 | 2.461.000 | 0 | 0 | 2.961.000 |
| 421310 | Пошта | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 350.000 | 0 | 80.000 | 300.000 | 0 | 0 | 380.000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 75.000 | 0 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 65.000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 130.000 | 0 | 130.000 | 0 | 0 | 0 | 130.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **12.850.000** | **0** | **12.200.000** | **0** | **0** | **0** | **12.200.000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на враб( | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 423310 | Униформи | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423320 | Обувки | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 9.000.000 | 0 | 9.000.000 | 0 | 0 | 0 | 9.000.000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 400.000 | 0 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 150.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 423990 | Други материјали | 2.500.000 | 0 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **530.995.166** | **434.917.800** | **34.475.000** | **179.576.000** | **11.860.000** | **33.000.000** | **693.828.800** |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **2.950.000** | **0** | **2.650.000** | **0** | **0** | **0** | **2.650.000** |
| 424120 | Поправки и сервисирање на товарни возила | 70.000 | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| 424210 | Одржување на згради | 2.300.000 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 80.000 | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 80.000 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 450.000 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **620.000** | **2.100.000** | **514.700** | **350.000** | **0** | **0** | **2.964.700** |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 120.000 | 0 | 244.700 | 0 | 0 | 0 | 244.700 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 70.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 425970 | Консултантски услуги | 120.000 | 0 | 130.000 | 0 | 0 | 0 | 130.000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 310.000 | 2.100.000 | 100.000 | 350.000 | 0 | 0 | 2.550.000 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **580.000** | **0** | **530.000** | **0** | **0** | **0** | **530.000** |
| 426310 | Семинари и конференции | 350.000 | 0 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | 80.000 | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 80.000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 150.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **650.000** | **5.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 5.000.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **650.000** | **5.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.000.000** |
| 464990 | Други трансфери | 650.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **4.755.700** | **2.000.000** | **3.800.000** | **0** | **0** | **0** | 5.800.000 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **2.604.700** | **0** | **2.100.000** | **0** | **0** | **0** | **2.100.000** |
| 480190 | Купување на друга опрема | 2.604.700 | 0 | 2.100.000 | 0 | 0 | 0 | 2.100.000 |
| **481** | **Градежни објекти** | **2.151.000** | **2.000.000** | **700.000** | **0** | **0** | **0** | **2.700.000** |
| 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 301.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 1.850.000 | 2.000.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 |
| **486** | **Купување на возила** | **0** | **0** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 486110 | Купување на моторни возила | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на Советот, одржана на ден 26.12.2017 година.

**Број 09-3883/2**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), членовите 1, 3, 29-а, 29в, 29г и 29д од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и други избрани и именувани лица во Р.М.(Сл.весник на Р.М. бр. 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013 и 139/2014), член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (Сл. Весник на Р.М. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, и 147/15) и член 16 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров ("Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06 и 18/13 ) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 26.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општината Ѓорче Петров**
**за 2018 година**

**Член 1**

Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2018 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од : Општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години,
- посебниот дел содржи план на одобрени средства на буџетските корисници по програми и ставки за финансиската година и
- развојниот дел се содржи од тригодишно развојни програми

Буџетот на Општината е консолидиран и се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски програми и потпрограми,
- години во кои истите ќе се реализираат и
- изворите на финансирање, односно буџети.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ, односно да се изврши пренамена на средствата.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, како и извршувањето на расходите по програми и подпрограми и други одливи на основниот буџет на општината, на буџетот на дотациите, како и на приливите од кредитот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници и подпрограми ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбите во тековната фискална година.

Во Буџетот може да се врши пренамена со која се зголемува буџетот одобрен за плати , но не повеќе од 10% од вкупно планираните плати и надоместоци.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување, односно зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат:

- за избраните и именуваните лица ( Градоначалник), појдовната основа за 1 коефициент изнесува 26.755,00 денариа.

- за вработените кои немаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за пресметување на бруто плата изнесува 12,5 денари.

Ако Владата на Р.М. донесе одлука за зголемување или намалување на платите, ќе се применува новата вредност.

**Член 10**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во основните училишта и детската градинка ( во понатамошниот текст локални јавни установи) ќе се финансираат од блок дотации од општинскиот буџет под контрола и одобрување на Министерство за финансии и ресорните Министерства.

Локалните јавни установи се должни три дена пред исплатата на платите до општината да достават барања за одобрување на средства за исплата на плати и надоместоци кон кои ќе ги приложат образците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитуларот за пресметаните нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработените по име и презиме и други податоци во електронска и пишана форма.

**Член 11**

На членовите на Советот на општина Ѓорче Петров им се исплаќа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневни трошоци.

Месечниот надоместок на членовите на Советот на општината за присуство на седниците на Советот се утврдува согласно бројот на жители на општината во процентуален износ од 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот на општината за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 12**

На вработените во општинската администрација се исплаќа надоместок за годишен одмор во висина од 60% од просечна нето плата исплатена за последните три месеци во Републиката.

**Член 13**

За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремено вработување, средствата за исплата ги обезбедува работодавачот, а исплатата на вработениот ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 14**

Трошоците за сместување и патување при службени патувања, кога не паѓаат на терет на организаторот, ги надоместува општината од Буџетот.

За патување во странство дневницата се исплатува во висина од 50%  од  утврдената во Уредбата од Влада на Р.М.

За користење на сопствено возило за службени цели се исплаќа надоместок од 30% од вредноста на горивото за поминат километар, но не повеќе од 3.500,00 денари.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработниот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 16**

Во случај на смрт на вработен во општинската администрација или во Локална јавна установа на неговото семејство му се исплаќа парична помош во износ од 30.000,00 денари .

На вработен во општинската администрација и во Локална јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посинок, посвоено дете и дете земено на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во износ од 15.000,00 денари. Живеењето во заедница подразбира да се со исто место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

На вработен во општинската администрација и во Локалната јавна установа кој ќе замине во пензија му следува надоместок во вид на отпремнина во висина од две просечно месечни нето плати. Висината на овој надоместок се пресметува врз основа на просечна месечна нето плата во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната односно наредната година.

Исплатите на надоместоците од претходниот став се вршат по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината, од програмите Д0- Градоначалник, за вработените во локалните јавни установи и од Е0-Општинска администрација, за вработените во општинската администрација, а од позиција 464 - Други трансфери.

**Член 17**

Исплата на јубилејни награди на вработените се врши согласно закон и Колективен договор на ниво на дејност.

**Член 18**

За користење на средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), кои неможе да надминат износ од 3% од вкупно планираните средтва во основниот буџет на општината, одлучува Советот на општината.

По исклучок за користење на средствата од тековната резерва до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот на општината.

**Член 19**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на општината, а кои се однесуваат за набавки на стоки и услуги, се врши со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во против вредност од **6.000,00** денари**,** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Нови вработувања во општинската администрација за државни службеници можат да се вршат само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината, а врз основа на претходно добиена согласност од Агенцијата за администрација.

Во случај на нови вработувања во Локалните јавни установи, истите се должни да обезбедат согласности од надлежно Министерство.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот на општина Ѓорче Петров, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Буџетот на Општина Ѓорче Петров се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 24**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Ѓорче Петров", а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.

**Број 08-3724/4**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на Советот, одржана на ден 26.12.2017 година.

**Број 09-3883/3**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16), и член 16 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров ("Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06 и 18/13 ) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 26.12.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2018 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2018 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2018 година.

**Број 08-3724/5**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на Советот, одржана на ден 26.12.2017 година.

**Број 09-3883/4**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 8 став 2 алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/15), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06 и 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 26.12. 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2018**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на триторијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, во Програм Н1 и Подпрограм Н10 - Основно образование, се врши финансирање на сите 6 (шест) основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основни училишта се:

- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2018 година од Министерството за образование и наука,
- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- големина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД= (м2џ0,3)+(бр.уч.џ4):(вк.м2џ0,3)+(вк.бр.уч.џ4) , каде

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2018 година

( 138.000.000,00 - 120.560.000,00 = денари), од кои:

- 138.000.000,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2018 г. за основно Образование,
- 120.560.000,00 е вкупниот износ за бруто плати за сите О.У. и
- 17.440.000,00 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци;

**К м2** – коефициент за површина =0,3 и
**К уч.** - коефициент за број на ученици = 4

**Табела по формула**

РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)

Наменскиот дел за 2018 година изнесува 17.440.0 ден.
Коефициент за површина = 0,3
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр. | Име на Училиште | Вк. Површина | Вк. Ученици | Вк. Коефициент | ПРОЦЕНТ | ВКУПНО МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ѓорче Петров | 3.820 | 316 | 2.411 | 11,37% | 2.106.500 |
| 2. | Мирче Ацев | 4.400 | 777 | 4.430 | 21,72% | 3.661.000 |
| 3. | ДПЃ Беровски | 4.762 | 692 | 4.198 | 20,54% | 3.650.000 |
| 4. | Страшо Пинџур | 2.964 | 627 | 3.400 | 16,43% | 2.815.000 |
| 5. | Т.Милошевски | 1.435 | 491 | 2.399 | 11,29% | 1.800.000 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.464 | 555 | 2.664 | 18,65% | 3.407.500 |
| | **Вкупно:** | **18.845** | **3.458** | **19.503** | **100 %** | **17.440.000** |

Во табелата во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1 апоен, на петте основни училишта, за сметка на О.У.Јоаким Крчовски, на кое му се додаваат 5%, бидејќи само тоа училиште има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 1.200.000,00 денари.

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2018 година, пресметани во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 8**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3724/6**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во 2018 година**

Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на Советот, одржана на ден 26.12.2017 година.

**Број 09-3883/5**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 в.в со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 26.12.2017 година, донесе

# О Д Л У К А
## за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во 2018 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува доделувањето на еднократна парична помош на семејствата со новороденче, кои се со живеалиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2018 година.

**Член 2**

На секое семејство со новороденче во 2018 година, со живеалиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, ќе му биде доделена еднократна парична помош во износ од 5.000,00 денари.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено Барање од страна на семејствата, до Општина Ѓорче Петров, со уредно приложена документација на увид која ќе го потврди раѓањето на новиот член во семејството, брачниот статус на сопружниците, територијалната припадност (живеалиштето) на подрачјето на Општина Ѓорче Петров и трансакциска сметка на име на еден на родителите.

Територијалната припадност (живеалиштето) на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, ќе се потврди со приложување на увид важечки лични карти или патни исправи од двајцата родители, со исклучок за новороденчиња на самохрани родители.

Раѓањето на новороденото дете се потврдува со извод од матична книга на родените.

Доколку подносител на Барањето за доделување на еднократна парична помош за новороденче е самохран родител, а притоа во Изводот од матичната книга на родени за новороденчето е впишан само родителот Барател, истиот е должен да приложи изјава дадена под морална и материјална одговорност дека е самохран родител, заверена на Нотар.

Доколку подносител на Барањето за доделување на еднократна парична помош за новороденче е самохран родител, а притоа во Изводот од матичната книга на родени за новороденчето се впишани двајцата родители, истиот е должен да приложи изјава дадена под морална и материјална одговорност која што ќе биде заверена на Нотар дека е самохран родител.

**Член 4**

Рокот за поднесување на пријавите со комплетната документација е 90 (деведесет) дена од денот на раѓањето на новороденчето.

**Член 5**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, поточно од подпрограмата ДОО – Градоначалник, група 47-социјални бенефиции, 471230-помош за новороденчиња.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 01.01.2018 година, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3724/7**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 02, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 02, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на Советот, одржана на ден 26.12.2017 година.

**Број 09-3883/6**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.“ број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 им 163/16), член 16 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров (“Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06 и 18/13 ) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 26.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

### за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 02, Општина Ѓорче Петров - Скопје

### Ч л е н 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 02, Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план, во целост ги почитува одредбите на ГУП на град Скопје (Службен гласник на град Скопје бр .8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко – плански документации и Архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на Р.М. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 228/15, 99/16 и 134/16), и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

### Ч л е н 2

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за градската четврт СЗ 02, Општина Ѓорче Петро-Скопје. Површината на планскиот опфат изнесува 28,95ха, во рамки на следните граници:

- На север границата започнува од пресек на Градска магистрала Бул. Илинден „А“ А.04-С. 06 и граница на опфат на ГУП на град Скопје 2012-2022 и се движи како што следува:
- На исток границата се движи по граница на опфат на ГУП на град Скопје 2012-2022 , па осовина на река „Лепенец“;
- На југ границата се движи по осовината на „Новопланирана собирна улица 15“ т.е. се граничи со СЗ 07;
- На запад границата се движи по осовина на Градска магистрала Бул. Илинден „А“ А.04-С. 06 т.е. се граничи со СЗ 01;

- Во рамки на ангажираната површина во планскиот опфат, до сега нема изготвена постојна урбанистичка документација.

**Член 3**

Предлог Деталниот урбанистички план за Градска четврт СЗ 02, Општина Ѓорче Петров-Скопје е изработен од ИН ПУМА , институт за сообраќај, екологија и урбанизам, Скопје со технички број 70/2016 од октомври 2017год.

Деталниот Урбанистички план е со следната СОДРЖИНА:

- Насловна страна
- Текстуален дел
- Графички дел
- Прилози

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Површина и опис на границите на планскиот опафат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје.

2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето и неговата околина .

3. Податоци за природни чинители
   3.1. Релјефни карактеристики
   3.2. Климатски карактеристики
   3.3. Сеизмички карактеристики
   3.4. Хидролошки карактеристики

4. Податоци за создадените вредности и чинители

5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супструктура

6. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели

7. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

8. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план

9. Анализа на можности за просторен развој

10. Други прилози

10.1 Пописни листи од извршената нвентаризација на теренот

10.2. Нумерички податоци за постојна состојба

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански периодповршина на

Планскиот опфат и општина на која припаѓа подрачјето на планскиот опфат.

2. Опис и образложение на планскиот концепт за просторен развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат.

3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

3.1. Единици на градежно земјиште
3.2. Класа на намена
3.3. Сообраќајно решение
3.4. Нивелманско решение
3.5. Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура
3.6. Хидротехничка инфраструктура

4. Општи услови заизградба,развој и корисрење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат

5. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање

6. Мерки за заштита
6,1. Мерки за заштита на животна средина и природата
6.2.Мерки за заштита и спасување
6.3.Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност
6.4.Мерки за заштита на културното наследство

Нумерички дел:
1.Нумерички показатели
2.Билансни(споредбени) показатели
3.Попречни профили на сообраќајната инфраструктура

Графички дел:

| | | |
|---|---|---|
| 1. План на намена на земјиштето и градбите | ---------------------------- | 1 : 1000 |
| 2. регулационен план | -------------------------------- | 1 : 1000 |
| 3. план на површини за градење, | ------------------ | 1 : 1000 |
| 4. Сообраќаен план и нивелациски план | ------------------ | 1 : 1000 |
| 5. Инфраструктурен план | ------------------------------------- | 1 : 1000 |
| 6. План на зеленило | ------------------------------------- | 1 : 1000 |
| 7. Синтезен план | ------------------------------------- | 1 : 1000 |

## Член 4

Донесениот Детален Урбанистички план се заверува со печат на Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје и потпис на Претседателот на Советот на општината.

## Член 5

Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршувањето на целата законска постапка

за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план и сите негови делови, се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден  денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3724/8**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставници во Управниот Одбор на Јавна установа за деца-детска градинка „Росица", Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за именување на претставници во Управниот Одбор на Јавна установа за деца-детска градинка „Росица", Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на Советот, одржана на ден 26.12.2017 година.

**Број 09-3883/7**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 114 став 16,17 и 18 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М." бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002), член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 26.12.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување претставници во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка „Росица" – Општина Ѓорче Петров-Скопје од редот на родители**

**Член 1**

За претставници во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица" – Општина Ѓорче Петров-Скопје од редот на родители, се именуваат:

- Ана Стојановиќ Каевска – член на Советот на родители во ЈОУДГ „Росица",
- Магдалена Симоновска - претседател на Советот на родители во ЈОУДГ „Росица".

За претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица" – Општина Ѓорче Петров-Скопје од редот на вработените на установата, се именува:

- Марина Младеновиќ, негувателка во ЈОУДГ „Росица".

За претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица" – Општина Ѓорче Петров-Скопје од Министерството за труд и социјална политика, се именува:

- Снежана Јованоска.

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Управниот Одбор трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Управниот Одбор на Јавна Установа Детска градинка „Росица", број 08-138/4 од 28.01.2016 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 1/2016), а се однесува на член 1 став 1 од оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3724/9**
**од 26.12.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**